Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Nikola Tupancheski

Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2023.01.12 09:39:25 +01'00'

Бр. 05-108/2

Скопје, 10-01-2023 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда д-р Никола Тупанчески донесе

# О Д Л У К А
## за избор за постапка објавена со оглас број 22123/2022

1. За најповолен понудувач за набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители, се избра:

**„ Друштво за трговија и услуги ЛИРЕКС СКОПЈЕ ДООЕЛ"**

2. Се задолжуваат Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања да ја спроведат оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и прва измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда и втора измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/3 од 30.08.2022 година и трета измена на годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/4 од 07.12.2022 година, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги – Годишно превентивно и адаптивно одржување на софтвер за медијација, нотари и извршители.

Министерство за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги, согласно член 48 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставената 1 (една) понуда од страна на 1 (еден) економски


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул „Димитрие Чуповски" бр 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

оператори преку ЕСЈН, а согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерство за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги објавена со оглас број 22123/2022.

**Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Министер за правда
д-р Никола Тупанчески

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвил: м-р Марина Миновска, раководител на одделение